РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4002/2
07-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 87-та седница одржана на 01.06.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-4002/1 од 24.11.2020 година, против давател на мобилни услуги ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што со пријавата не се опфатени службени лица.

Предметот со број 12-4002/1 од 24.11.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 24.11.2020 година, поднесена е пријава против давател на мобилни услуги ----- и оформен е предмет број 12-4002/1 од 24.11.2020 година.

Во пријавата подносителот наведува дека наплатувањето на пенали од страна на горенаведениот оператор, како и наплатувањето на најскапи мобилни услуги од истиот, се спротивни на темелните вредности на Уставот на РСМ. Во продолжение, подносителот наведува дека не е испочитуван неговиот претплатнички договор и правилата за раскинување на истиот. Во пријавата, исто така се бара, да се утврди идентитетот на вработена кај мобилниот оператор која според подносителот со нејзините предупредувања за заостанат долг со години ја влошувале неговата здравствена состојба.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените лица не се службени лица во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk